**ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО**
**СПИ-9/24**
**08.04.2024 година**
**К у м а н о в о**

**Р.**

Врз основа на член 20 ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019) и согласно одредбите на Упатството за споведување на Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.60/20), постапувајќи по Барањето за пристап на информацији од јавен карактер, поднесено на 05.04.2024 година, од Надица Серафимовска, Мисија на ОДСЕ во Скопје, Основниот суд Куманово, преку Одговорно лице за посредување на информации од јавен карактер, Претседател на судот, Судијата Снежана Манев, на ден 08.04.2024 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, поднесено од Надица Серафимовска, Мисија на ОДСЕ во Скопје, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, **СЕ УВАЖУВА.**

- согласно член 20 став 1 и член 24 ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**О б р а з л о ж е н и е**

Пред овој суд барање за пристап до информации од јавен карактер на 05.04.2024 година, поднесе Надица Серафимовска, Мисија на ОДСЕ во Скопје, со кое побара:

Бројот под кој е заведен предметот кој се води против обвинетиот Максим Димитриевски, за кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување од чл.353 од КЗ.

Судот постапувајќи по барањето за пристап на информацији од јавен карактер, изврши проверки во нашата евиденција, односно во АКМИС-систем утврди дека на ден 04.03.2024 година ОЈО Куманово, поднесе обвинителен предлог Ко.бр.411/23 од 04.03.2024 година против обвиниетиот Максим Димитриевски од Куманово, обвинет за кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување од чл.353 од КЗ и во АКМИС-систем **е заведен кривичен предмет под К-115/24**.

Основен суд Куманово, СПИ - 9/24 од 08.04.2024 година.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер рок од 15 дена од прием на Решението.

Одговорно лице за посредување Информации
од јавен карактер при Основен суд Куманово на
Претседател на Основен суд Куманово
Судија
Снежана Манев

Службено лице за посредување со
Информации од јавен карактер при
Основен суд Куманово
Судски советник
Мирјана  Максимовска